Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-58/4
02-03-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-58 од 11.1.2023 година поднесена од [redacted] против Министерство за одбрана на РСМ, за извршена дискриминација врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 2.3.2023 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на Министерство за одбрана на РСМ врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-58/1 од 11.1.2023 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на Министерство за одбрана на РСМ.

Во првичните наводи на претставката, подносителот Љупчо Кацарски смета дека е дискриминиран во однос на колегата [redacted] на кој од страна на Министерството за одбрана, по поднесено барање за признавање на бенефициран стаж, врз основа на член 94 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Решение инт.бр. 12-13/204 од 4.4.2006 година му бил признаен бенефициран стаж за одредени периоди од 1.1.1994 до 2.2.1994 година и од 20.2.2003 до 31.3.2006 година. Исто така, наведува дека на [redacted] по доставено барање, со Решение инт.бр. 12-13/1168 од 21.11.2006 година му се признал бенефициран стаж за одредени периоди од 10.8.1994 до 10.9.2003 година.

На ден 23.9.2022 година, подносителот на претставката [redacted] поднел Барање за признавање на бенефициран стаж за периодот од 1.1.2003 до 30.6.2004 година до Министерството за одбрана на РСМ. Од страна на Министерството, на 19.10.2022 година му било доставено Решение „ОУ" бр. 04-1/523 со кое неговото барање било одбиено како неосновано. На 27.10.2022 година поднел Жалба против наведеното Решение, заведена под бр. 0901-117 до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Комисијата понатаму донела Решение со бр. РО 0901-117 со кое жалбата била одбиена како неоснована. Меѓу останатите докази, доставил и правосилни судски пресуди од поранешни колеги, со кои пресуди судот им признал бенефициран стаж.

Подносителот на претставката смета дека од страна на одговорните лица кои одлучувале по неговите барања, како во Министерството за одбрана, така и во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, не биле земени предвид сите докази. Дополнително на тоа, вели дека решенијата не биле донесени врз основа на важечката законска регулатива за временскиот период наведен во барањето, а не била правилно утврдена ниту фактичката состојба, поради што смета дека е постапено на дискриминаторски начин.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 17.1.2023 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката бр. 08-58/2 до Министерството за одбрана.

На ден 13.2.2023 година во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Министерството за одбрана како одговор на претставката.

Во доставениот одговор, првенствено се наведува дека веднаш по приемот, надлежната организациона единица во Министерството за одбрана побарало произнесување од страна на Генералштабот согласно службената евиденција со која располага за вработените од својот состав. Во таа насока, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше проследен одговорот од Генералштабот под „ОУ" бр. 21-31/142 од 6.2.2023 година. Согласно одговорот, подносителот на претставката [redacted] имал поднесено Барање бр. 03-6449/1 од 23.9.2022 година за признавање на бенефициран стаж за период од 4.9.2002 до 30.6.2004 година. По однос на неговото Барање, донесено е Решение со „ОУ" бр. 04-1/523 од 19.10.2022 година, со кое барањето се одбива како неосновано. Понатаму, незадоволен од Решението, на 27.10.2022 година [redacted] поднел Жалба бр. 0901-117 до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, за што од страна на комисијата жалбата била одбиена како неоснована на 1.12.2022 година со Решение бр. РО 0901/117.

Понатаму, наведено е дека подносителот на претставката барал утврдување на стаж на осигурување со зголемено траење врз основа на член 94 став 1 точка 3 б) од поранешниот Закон за пензиско и инвалидско осигурување и врз основа на член 76 став 1 точка 1 б) од моменталниот важечки Закон за пензиско и инвалидско осигурување, а дополнително се повикал и на Одлуката на Уставниот суд У.27/2019 од 23.9.2020 година („Службен весник на Република Македонија бр.241/20") со која Уставниот суд ја укинал Одлуката за утврдување на должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команда на корпус и во воени установи во кои службата се врши под трупни услови („Службен весник на Република Македонија бр.32/09").

Во таа насока истакнато е дека барањето на подносителот на претставката, по однос на периодот за кој е барано признавање на бенефициран стаж, е беспредметно ако се има предвид дека во наведениот период Одлуката на која тој се повикува не била на сила.

Во одговорот исто така се потенцира дека согласно член 211 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Македонија бр.80/93"), истиот закон влегува во сила наредниот ден по неговото објавување во Службениот весник, а ќе се применува од 1 јануари 1994 година. Имено, со член 94 став 1 точка 3 б) од Законот, утврдено е дека на осигурениците во Министерството за одбрана и на служба во постојниот состав на Армијата на Република Македонија (војници по договор, помлади офицери и офицери и граѓански лица на служба во Армијата) стажот на осигурување им се смета со зголемено траење и тоа: секои 12 месеци ефективно поминати на тие должности се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување во: вршење должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команда на корпус и во воени установи во кои службата се врши под трупни услови, а кои ги утврдува Владата на Република Македонија по предлог на министерот за одбрана.

Имајќи го ова предвид, а согласно службената евиденција на Генералштабот како и важечката законска регулатива, во одговорот се вели дека подносителот на претставката во периодот од 4.9.2002 до 30.6.2004 година бил на должност во Воената академија „Генерал Михаило

Апостолски" – Скопје, односно не вршел должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека не можат да се пронајдат факти и околности кои укажуваат на сторена дискриминација.

Имено, Комисијата утврди дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција на дискриминација содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите"*.

Поконкретно, Комисијата утврди дека фактичката состојба на подносителот на претставката и на неговите колеги наведени како компаратори не е споредлива. Имено, за времетраењето на периодите кои подносителот [redacted] ги наведува во претставката, како периоди за кои на колегите им бил признаен бенефициран стаж, тие извршувале должности во рамки на Армијата на Република Северна Македонија, односно вршеле должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команда на корпус и во воени установи во кои службата се врши под трупни услови. Со тоа, на нив им следувал бенефициран стаж согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Спротивно на ова, во периодот од 4.9.2002 до 30.6.2004 година, [redacted] бил на должност во Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" – Скопје, односно не вршел должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица, па следствено не му следува бенефициран стаж согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Имајќи го ова предвид, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е постапено селективно од страна на Министерството за одбрана и подносителот на претставката не е доведен во понеповолна положба во однос на неговите колеги, наведени во претставката.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за одбрана на РСМ.

Скопје
2.3.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Министерство за одбрана, ул. Орце Николов бр. 116, 1000 Скопје